2011

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ЗАДРЖУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРИХОД ПЛАТЕН НА СТРАНСКИ ПРАВНИ ЛИЦА

Пријавување, задржување и плаќање на данокот на приход платен на странски правни лица

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>Република Македонија<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 29.12.2011 година |
| Уредници: | Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација<br>Анета Велниќ - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Сектор за информатичка технологија |
| Наслов: | Задржување на данокот на приход платен на странски правни лица |

ISBN: 978-608-4592-32-7
Бр: 08-7998/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/42



**2011 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....2

ЗАДРЖАН ДАНОК И ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК.....3

ВИДОВИ ПРИХОДИ НА КОИ СЕ ЗАДРЖУВА ДАНОКОТ.....4

ДАНОЧЕН ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН БРОЈ.....10

ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ЗАДРШКА.....12

ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНО ОДАНОЧУВАЊЕ
НА ДАНОКОТ НА ЗАДРШКА.....14

ПОСТАПКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ЗАДРЖАНИОТ ДАНОК.....16

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве упати на начинот и постапката на задржување на данокот на приходи кои се исплатени во Република Македонија или во странство на странски правни лица, а кои не се остварени во рамки на деловниот потфат на постојаната деловна единица на странско лице на територија на Република Македонија (под услов поинаку да не е определено со меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување).



## ЗАДРЖАН ДАНОК И ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

Задржан данок е данок кој се плаќа на приходите[1], кои странските правни лица ги остваруваат од Република Македонија.

Лица кои при исплата на приходи на странско правно лице вршат задржување на данокот, се:

- домашно правно лице;
- домашно физичко лице - регистрирано за вршење на дејност; и
- странско правно лице или физичко лице - нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија.

Исклучок е ако странското правно лице, на кое му припаѓа правото на наплата на приходите, има своја постојана деловна единица во земјата (Република Македонија), и ако приходот се припишува кон неговата постојана деловна единица во земјата.
Во ваков случај не се задржува данокот и оданочувањето на добивката се врши преку оданочувањето на постојаната деловна единица.

Ако постојаната деловна единица (ПДЕ) на странско правно лице регистрирана во РМ, му плаќа на основачот (матично странско правно лице) приходи кои подлежат на оданочување согласно Законот за данокот на добивка, на истите се задржува данокот.

1) Утврдени со одредбите на Законот за данок на добивка.

## ВИДОВИ ПРИХОДИ НА КОИ СЕ ЗАДРЖУВА ДАНОКОТ

Задржување на данокот при исплата на приходи на странско правно лице се врши на следните видови приходи:

- приход од дивиденди;
- приход од камата од резидент;
- приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република Македонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица;
- приход од авторски хонорар исплатен од резидент;
- приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица;
- приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија;
- приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок на постојаната деловна единица во Република Македонија;
- приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија;
- приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Македонија и странска држава; и
- приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

### ✓ Бруто приход

Бруто приход е приходот кој би бил исплатен на странското правно лице, доколку не се врши задржување на данокот од приход.

### ✓ Дивиденда

Приход од дивиденди означува добивка од акции или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и доходот од други корпоративни права кои по однос на оданочувањето имаат ист третман, како и доходот од акции според законите на државите чиј резидент е друштвото кое врши распределба.

### ✓ Камата

Приход од камата означува доход од: побарувања на секаков вид долг (независно од тоа дали е обезбеден со хипотека и дали врз основа на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот); и особено доход од обврзници или други должнички хартии од вредност (вклучувајќи ги и премиите и наградите на тие хартии од вредност, обврзниците или должничките хартии од вредност); како и секој друг доход поврзан со доходот од пари дадени на заем (освен приходот од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на РМ, Народна банка на РМ и банки или други финансиски институции кои делуваат како претставник на Владата на РМ, како и на приходот од камата од депозити во банка лоцирана во Република Македонија).

Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за приход од камата.

### ✓ Авторски хонорари

Приход од авторски хонорари (права) и други права на интелектуална сопственост, подразбира плаќање од било кој вид, примено како плаќање за употреба или право на користење на авторско право за: книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови, софтвер, патенти, трговски марки и заштитни знаци, дизајни или модели, планови, тајни формули или постапка, или за информација во врска со индустриски, комерцијални или научни искуства, кои права се заштитени со правните прописи и обичаи со кои се регулира нивното стекнување и употреба.

### ✓ Забавни и спортски активности

Приход од забавни и спортски активности кои се вршат во Република Македонија, подразбира приходи остварени од организирање и одржување на јавни настапи кои ги вршат организирани групи и поединци исплатени на странски правни лица. Во приходите кои припаѓаат кон претходно наведените, спаѓаат и надоместоците за: аудиовизуелни услуги, провизии поврзани со филмска и видео дејност, радио и телевизија, лиценци за дистрибуција на права и хонорари, оркестри и други културни и спортски дејности, котизации и членарини на културни и спортски организации, исплатени во корист на странското правно лице.

### ✓ Менаџмент услуги

Приход од вршење менаџмент услуги е приходот остварен од организирање, планирање, координирање, контролирање и мотивирање, во остварување на целите на трговските друштва, односно во остварување на одредени економски резултати (профит).

### ✓ Консалтинг услуги

Приход од консалтинг услуги подразбира приход остварен од вршење услуги на служби или организации што се занимаваат со давање на совети и интелектуални услуги во стопански, финансиски и технички проекти, односно упатства или работи на некој специјален предмет или проект, за определен надомест.

Консалтинг услуги подразбира и: правни, даночни, сметководствени и ревизорски услуги, кои странски правни лица ги вршат со надомест за домашни субјекти.

Под консалтинг услуги на деловно советување, се смета секој облик на деловно советување или консултација.

По исклучок, не се смета за услуга на деловно советување: одржувањето на предавања, семинари, работилници и слични методи на подучување, потоа услуги на инженери, архитекти и слични услуги кои за резултат имаат пишани документи за постапување (идејни и изведбени проекти, нацрти, упатства и други документи за постапување). Исто така, не се сметаат и услугите на посредување и застапување во некоја зделка, како и услугите на користење на различни бази на податоци.

### ✓ Финансиски услуги

За приход од вршење на финансиски услуги се сметаат приходите на странското правно лице остварени од:

- издадени гаранции и други видови на обезбедувања;
- камати од финансиски лизинг;
- трговија за своја сметка или за сметка на клиентот, било на берза, преку шалтер или на друг пазар со: инструменти на пазарот на пари (вклучувајќи чекови, сметки, потврди за депозити), девизи, деривативни инструменти кои вклучуваат, но не се ограничени на фјучери и опции, инструменти на девизниот курс и каматните стапки, вклучувајќи ги работите како што се swaps, термински спогодби за камати; преносливи

хартии од вредност; други преносливи инструменти и финансиски средства, вклучувајќи ги и златните полуги;

- учество во издавање на сите видови хартии од вредност, вклучувајќи го и преземањето на ризикот и пласирањето, во својство на агенти, и давањето на услуги во врска со тоа издавање;
- услуги во врска со пресметка и пребивање на финансиски средства, вклучувајќи ги хартиите од вредност, деривативните производи и другите преносливи инструменти;
- советодавни, посреднички и други помошни финансиски услуги во врска со сите видови на финансиски услуги, вклучувајќи ги референците за кредитна способност и анализа, истражување и советување за инвестиции и портфолија, совети за преземање и преструктуирање и стратегии на претпријатија;
- посредување во осигурување и реосигурување (активности на брокери, осигурителни и брокерски друштва и агенти), консултантски услуги, актуарски услуги и услуги во проценување на ризик.

### ✓ Услуги на истражување и развој

Приход од вршење услуги на истражување и развој е приходот остварен од базни и технички истражувања, лабораториски и други услуги, проекти и елаборати (освен оние кои се однесуваат за инвестиции чија реализација е во тек), услуги на пропаганда, истражување на пазарот, огласување во медиуми, саемски приредби, промоција на производи во странство, анкетирање на јавно мислење.

Под услуги на истражување на пазарот, се подразбираат: начин на прибавување на пазарни информации, одредување на карактеристики на пазарите, мерење на потенцијал на пазарот, анализа на учество на пазарот, анализа на продажба, истражување на трендови во работењето, краткорочни и долгорочни предвидувања, испитување на понуди на конкуренцијата, истражување на цени, тестирање на нови и на постојни производи на пазарот.

### ✓ Осигурителни премии од осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија

Приход од осигурителни премии од осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија се сметаат приходите на странското правно лице остварени од:

- премија по основ на осигурување на живот;
- премија по основ на неживотно осигурување; и
- премија по основ на реосигурување, освен премија по основ на реосигурување што друштвата за осигурување и реосигурување на Република Македонија се должни да го извршат во согласност со закон.

✓ **Телекомуникациски услуги**

Приходи од телекомуникациски услуги се приходите од услуги на:

- обезбедување на јавни фиксни телефонски услуги (локална телефонска комуникација, меѓумесна национална телефонска комуникација и меѓународна телефонска комуникација);
- обезбедување на јавни мобилни телефонски услуги;
- обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (интернет протокол и други протоколи);
- обезбедување на услуги на изнајмени линии;
- обезбедување на јавни услуги за пренос на податоци;
- обезбедување на јавни радиокомуникациски услуги и обезбедување на други услуги (обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети помеѓу различни оператори и обезбедување на пристап до јавната телефонска мрежа).

✓ **Закуп на недвижности во Република Македонија**

Приходи од закуп на недвижности во Република Македонија се приходите кои ги остваруваат нерезидентните правни лица од закуп на недвижен имот во Република Македонија.

Под недвижен имот се подразбира земјиште (градежно, земјоделско, шумско) и градежен објект на кој странското правно лице е сопственик согласно законот.

## За кои приходи не постои обврска за задржување на данок?

Данокот не се задржува на следните приходи:

- на трансфер на дел од добивката на постојаната деловна единица на странско правно лице во Република Македонија, на која претходно е платен данок на добивка;
- на приход од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на РМ, Народна банка на РМ и банки или други финансиски институции кои делуваат како претставник на Владата на РМ;
- на приход од камата од депозити во банка лоцирана во Република Македонија; и
- на приход остварен од посредување или консалтинг со државни хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар.

## ДАНОЧЕН ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН БРОЈ

### За што служи даночниот идентификационен број (ЕДБ)?

ЕДБ служи за идентификување на странскиот остварувач на приходите (странското правно лице) и на сите задолжувања и плаќања на данокот извршени за него.

Пред секоја прва уплата на данокот по задршка, исплатувачот на приход е должен од Управата за јавни приходи да побара даночен идентификационен број (ЕДБ) за странското правно лице (остварувач на приходите).
Во сите понатамошни даночни постапки на странското правно лице (како што се барањата за враќање на повеќе или погрешно уплатен данок, како и издавање на потврда за задржан и уплатен данок во РМ), задолжително е повикување на издадениот ЕДБ.

> Даночниот идентификационен број (ЕДБ) на странското правно лице, при плаќањето на данокот по задршка, се внесува во Налогот за плаќање на јавните приходи (образец ПП 50) во полето "Повикување на број задолжување".

### Постапка за добивање ЕДБ за странско правно лице

За доделување на даночен идентификационен број (ЕДБ), исплатувачот на приходот го поднесува образецот ("УЈП-РДО") до Управата за јавни приходи.

Образецот може да се преземе преку веб линкот
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/16

Кон образецот, исплатувачот доставува прилози со кои го докажува статусот на странското правно лице:

1. Писмено барање за издавање на ЕДБ за странското правно лице (остварувач на приходи), во кое се наведуваат сопствените податоци на исплатувачот на приходот (полн и скратен назив, адресни податоци за седиштето и ЕДБ), како и основот за поднесување на барањето за регистрација (деловен однос воспоставен со странското правно лице: фактура, договор и сл.) и

2. Соодветен документ со кој се потврдуваат податоците за странското правно лице (остварувач на приходи), и тоа:
   - Извод од регистрација при надлежниот регистарски орган (или надлежната даночна управа) на странското правно лице, преведена од овластен судски преведувач; или
   - Потврда за резидентен статус, издадена од надлежниот даночен орган во странство; или
   - Сертификат за странскиот даночен обврзник (кој ги содржи бараните податоци од образецот "УЈП-РДО"), издаден од неговиот матичен даночен орган.

Управата за јавни приходи издава „Привремена потврда“ за доделениот ЕДБ (образец "ПП-01"), веднаш или најдоцна наредниот работен ден.

Исплатувачот на приходите има обврска во рок од 15 календарски дена, по издавањето на привремената потврда, да ги комплетира бараните податоци во пријавата за регистрација и прилозите кон истата, по што УЈП издава Решение за регистрација на даночниот обврзник.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ЗАДРШКА

### Даночна стапка и основа за пресметување на данокот

Стапката на задржаниот данок за сите видови на приходи изнесува 10%.

Данокот по задршка се пресметува и плаќа на оданочивиот бруто приход на странското правно лице остварен во Република Македонија, со примена на стапката пропишана со законот, односно со примена на стапката од меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување.

Задржувањето и плаќањето на данокот се врши истовремено со плаќањето на приходите на странското правно лице.

### На кои сметки и приходни шифри се плаќа задржаниот данок?

Задржаниот данок и казнената камата за ненавремено плаќање се пресметуваат и плаќаат на наведените уплатни сметки и приходни шифри во табелата на страница 13.

Доколку исплатувачот - правно лице при исплатата на приходот не го задржи и не го уплати данокот на соодветната уплатна сметка, ќе му се изрече глоба од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност, како и глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност на исплатувачот - физичко лице и одговорното лице кај исплатувачот.

| Уплатна сметка | Вид на приход | Приходна шифра |
|---|---|---|
| 840-1097 | Задржан данок на приход од дивиденди, платени на странски правни лица. | 711218 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од камата од резидент, платена на странски правни лица. | 711219 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во РМ, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица. | 711220 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од авторски хонорар исплатен од резидент, платен на странски правни лица. | 711221 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во РМ, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица, платен на странски правни лица. | 711222 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од забавни или спортски активности кои се вршат во РМ, платен на странски правни лица. | 711223 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги, услуги на истражување и развој и ако приходот е исплатен од резидент или ако приходот е на трошок на постојаната деловна единица во РМ, платен на странски правни лица. | 711224 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во РМ, платен на странски правни лица. | 711227 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход од телекомуникациски услуги помеѓу РМ и странска држава, платен на странски правни лица. | 711228 |
| 840-1097 | Задржан данок на приход остварен од наем на подвижни и недвижни добра во РМ платен на странски правни лица. | 711225 |
| 840-01146 | Камата за ненавремено плаќање на задржаниот данок на приход платен на странски правни лица*. | *според шифрата на задржаниот данок |

## Доставување на Извештај за уплатениот данок по задршка

Исплатувачот на приходот кој има обврска да изврши задржување на данокот, еднаш годишно до УЈП, доставува Извештај за уплатениот данок по задршка (образец “ДД-И“).
Образецот може да се преземе од веб страницата на УЈП
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/76
Извештајот за уплатениот данок по задршка се доставува до 15-ти февруари во наредната година, по годината во која постоела обврска за задржување на данокот.

## ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ЗАДРШКА

Договорите за одбегнување на двојно оданочување се објавени на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/pregled/tr/md

Доколку примателот на приходите, врз кој се применува задржување на данокот, е резидент на држава со која РМ има потпишано договор за одбегнување на двојното оданочување и двојното ослободување, оданочувањето и применетата даночна стапка не може да биде различна од утврдената во договорите.

### Услов за користење на даночно ослободување или пониска стапка одредена во меѓународен договор

Пониска стапка одредена во договорот со странска држава се применува на приход врз кој се применува задржување на данок ако исплатителот на приходот располага со пропишан образец заверен од надлежен даночен орган на странската држава и од Управата за јавни приходи.
Правото од договорот се остварува со поднесување на Барање на пропишаните обрасци, според видот на исплатениот приход,
и тоа:

- Барање за олеснување односно ослободување на **данок од дивиденди**, врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-О/ДИ);
- Барање за олеснување односно ослободување на **данок од камата**, врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-О/КА);
- Барање за олеснување односно ослободување на **данок од приходи од авторски права**, врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-О/АП);
- Барање за ослободување од **данок на други приходи**, врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-О/ДП);

Преземете ги барањата преку
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled/filter/0/11

Обрасците се пополнуваат во 4 (четири) еднакви примероци и тоа:
- примерок за подносителот на барањето;
- примерок за надлежен даночен орган во странство;
- примерок за исплатувач на приходот; и
- примерок за Управата за јавни приходи во Република Македонија.

## Заверка на обрасците од странскиот даночен орган

За примена на одредбите од договорот, образецот ЗД-О/ДИ, ЗД-О/КА, ЗД-О/АП, ЗД-О/ДП, треба да биде потврден (заверен) од надлежниот даночен орган во странство. Заверениот образец се поднесува при секоја исплата.
По исклучок, доколку се работи за зачестени исплати (по ист основ), заверениот образец се поднесува пред почетокот на првата исплата.

Доколку при исплатата на приходите кои подлежат на оданочување согласно законот, не се плаќа данок по задршка во согласност со одредбите на договорите за одбегнување на двојното оданочување, во тој случај се поднесува образец "ЗД-ДО" - Барање за даночно ослободување заедно со потврдата за резидентен статус заверена од надлежниот даночен орган во странство.
Образецот во еден примерок заедно со потврдата за резидентен статус се доставува до надлежната Регионална дирекција на УЈП.
УЈП ја спроведува потребната контрола и издава одобрение за даночно ослободување.

Барањето за издавање потврда за резидентност во Република Македонија согласно договорите за одбегнување на двојно оданочување може да се преземе преку следниот веб линк http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/75

# ПОСТАПКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ЗАДРЖАНИОТ ДАНОК

## Барање за враќање на задржан данок

Доколку странското правно лице поднесе Барање за враќање на данокот (ЗД-В/ДИ, ЗД-В/КА, ЗД-В/АП, ЗД-В/ДП)[2] заради враќање на повеќе платен данок, во однос на данокот кој согласно од договорите за одбегнување на двојното оданочување требало да биде платен или требало да биде исклучен од плаќањето, УЈП ќе изврши враќање на задржаниот данок.
Враќање на повеќе платениот данок се остварува само по претходно доставен заверен образец, и тоа:

- Барање за враќање на **данок од дивиденди** врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-В/ДИ);
- Барање за враќање на **данок од камати** врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-В/КА);
- Барање за враќање на **данок од авторски права** врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-В/АП); и
- Барање за враќање на **данок од други приходи** врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување (ЗД-В/ДП).

Обрасците може да се преземат преку веб страницата на УЈП
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled/filter/0/11
Обрасците се поднесуваат до Регионалната Дирекција на УЈП, според седиштето на исплатувачот на приходот.

## Враќање на задржан данок

Враќањето се врши во домашна валута, во висина на задржаниот данок.
Износот се враќа на сметката назначена во Барањето.

2) ) Обрасците ЗД-В/ДИ, ЗД-В/КА, ЗД-В/АП, ЗД-В/ДП се пропишани во „Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување"

**Контакт Центар**
Кеј 13-ти Ноември (Градски Трговски Центар
2-ри кат) локал 500, 1000 Скопје
тел. 0800 33 000

**Генерална Дирекција на УЈП**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а, 1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална Дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална Дирекција Битола**
ул. „Борис Кидрич" бр. 24, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална Дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална Дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална Дирекција Кавадарци**
ул. „Едвард Кардељ" 66, 1430 Кавадарци
тел. 043/411 752; факс 043/411 751



# КОНТАКТ ЦЕНТАР

## Сите Одговори на едно место!

Заштедете време, користете лесна и брза комуникација за општите прашања и информации во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање. Нашите оператори се достапни секој ден од **09.00** до **20.00** часот, освен недела.

Бидете наш партнер во спречување мито, корупција и сузбивање на даночната евазија. Телефонската линија е мобилна **24 часа / 7дена**. Анонимноста и дискрецијата на јавувачот се обезбедени во целост.

### ИНФО ДАНОЦИ 0800 33 000

- ☑ Регистрација на даночен обврзник
- ☑ Оданочување и даночни постапки
- ☑ Поднесување на даночни пријави
- ☑ Користење на е-даноци
- ☑ Даночни олеснувања и ослободувања
- ☑ Плаќање даноци и придонеси

### ПРИЈАВЕТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ 198

- ☑ Неиздавање на фискална сметка
- ☑ Вршење на нерегистрирана дејност
- ☑ Затајување на данок
- ☑ Непрофесионално однесување на даночен службеник
- ☑ Мито и корупција
- ☑ Недоставена пресметка од исплатувачот на приходи

Телефонските повици кон линиите на УЈП се **бесплатни**.

www.ujp.gov.mk info@ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-32-7